Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 01-11105/1

Дата: 05.11.2014

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија
Сектор за стратегија, планирање и следење
1000 Скопје

Предмет: Стратешки план 2015-2017

Почитувани,

Министерството за животна средина и просторно планирање Ви го доставува Стратешкиот план 2015-2017 година, во кој се утврдени и приложени стратешките приоритети, приоритетни цели кој ќе се операционализираат преку утврдени активности со потребни човечки и финансиски ресурски , како и засегнати страни вкучени во секоја активност која ќе се спроведува.

Со почит,

МИНИСТЕР,
Nurhan Izairi

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје

Изработил: Сашка Брблиќ

Во прилог : Електронска форма на стратешкиот план 2015-2017 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
**за период**
## 2015-2017
**година**

Август -2014
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 01-М105/1
05. 11. 2014 20 год.
СКОПЈЕ

# Стратешки план 2015-2017

## Министерство за животна средина и просторно планирање

Почитувани,

Министерството за животна средина и просторно планирање е орган кој ги координира и спроведува политиките за животна средина и просторно планирање, а нивната имплементација која се реализира преку мерки и активности зависи од широк опсег на субјекти од јавниот и од приватниот сектор, на државно и на локално ниво. МЖСПП вложува напори да ја наметне политиката за заштитата на животната средина и планирање на просторот со приближување и соработка со другите органи на власт. Интегрирањето на политиката на животна средина во останатите политики како процес се повеќе се интензивира и се рефлектира во донесувањето на стратешките и програмските документи кои ги носат и спроведуваат органите на власт. Во исто време, другите органи покажаа подготвеност да ја осознаат сопствената одговорност за вградување на заштитата на животната средина во нивните секторски политики и на тој начин ја вклучат во основата политика за развој на земјата.

Во Стратешкиот план на МЖСПП за периодот 2015-2017 година се содржани мерките и активностите на нашето министерство кои се во функција на остварување на квалитетен развој на животната средина преку реализацијата на проектите за заштита на водите од загадување и обезбедување на квалитетна вода за пиење со изграба на пречистителни системи, воспоставување на мониторинг, заштитата и следењето на квалитетот на воздухот и супституција на постојните горива со преминување на чисто еколошки горива, соодветно управување со комуналниот отпад преку изградба на регионални депонии, како и воспоставување на системи за управување со другите видови на отпад, заштита на одредени реони од ерозија и деградирање на почвата, пошумување на голите површини, заштита и одржливо користење на биодиверзитетот со адекватно управување на природните реткости и ревитализација на екосистемите и институционално надградба и зајакнување на капацитетите за животна средина со цел подигање на еколошката свест во однос на животната средина.

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во настојувањето да развива и да спроведува ефективна политика за животната средина, се раководи од променливите рамки на еколошките, економски и од политичките фактори на национално и меѓународно ниво. Потребата за заштита на животната средина, се заснова на принципите на одржливиот развој, кој се повеќе се зголемува, паралелно со растечките потреби на населението за поквалитетни услови за живеење, чиста вода за пиење и здрава храна. Активности за заштита на средината се превземаат врз основа на определби утврдени во Националниот еколошки акционен план и локалните еколошки акциони планови, определбите во законската регулатива од областа животна средина, како и во согласност со меѓународните конвенции и договори во оваа област.

**Министер за животна средина и просторно планирање**

**Nurhan Izairi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

## 1.2. Мисија

Мисијата на Министерството за животна средина и просторно планирање се заснова на заштита, унапредување, одржливост на животната средина и природата, како и планирањето на просторот преку достигнување на стандардите на Европската Унија, преку користење на најдобрите практики и искуства во соработка со граѓаните и останатите домашни и меѓународни инстутиции и примената на најдобрите принципи и вредности.

## 1.3 Визија

Министерството за животна средина е гарант за спроведувањето на политиките кои се однесуваат на унапредување и подобрување на квалитетот на животната средина и природата, намалување на загадувањето од различни медиуми кои преставуваат закана по човековото здравје и планирање на просторот и одржливиот развој на Република Македонија.

## 1.4. Задачи и обврски

- Подготовка и спроведување политики, законодавство и програми согласно со стандардите на ЕУ и НАТО партнерство
- Следење на состојбите во животната средина, природата и просоторот, оцена и издавање дозволи за интервенции во животната средина и во просоторот
- Планирање на просторот
- Инвестиции во животната средина
- Одржливо управување со природните ресурси
- Заштита на природата
- Управување со податоци за животната средина, водите, просторот и информирање
- Подигање на јавната свест, вклучување на јавноста во процесот на одлучување и едукација
- Децентрализација и соработка со ЕЛС
- Партнерство со заинтересирани страни
- Меѓународна соработка
- Обезбедување на јавни услуги
- Управувавање на целокупниот процес за климатските промени

## 1.5 Специфичност на Министерството за животна средина и просторно планирање

Во рамките на Министерството се одвиваат процеси за заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, подобрувањето на квалитетот на живеење, просторното планирање, управување со водите и отпадот и управување на процесот на климатски промени, реализирани низ соработка со сите инволвирани органи во согласност со националната законска регулатива за животна средина, природа и просторното планирање.

## 1.7. Односи со органите во состав

Органи во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање се:

- Управа за животна средина
- Служба за просторен информативен систем

Министерството за животна средина и просторно планирање е поставено во насока на креирање на политики од областа на животната средина, додека стручните работи во областа на животната средина се спроведуваат од страна на Управата за животна средина и Службата за просторен информативен систем, кои се органи во состав на МЖСПП. Во овој контекст, надлежностите на МЖСПП во однос на органите во состав се поделени на *функција на развивање на политики* што ја врши МЖСПП и *регулаторната функција* што ја вршат органите во состав.

Управата е надлежен орган кој ги спроведува постапките на издавање дозволи и согласности, а особено постапките на оцена на влијанието врз животната средина, интегрирано спречување и контрола на загадувањето, спречувањето и контрола на хавариите со присутво на опасни супстанции, управувањето со отпад и квалитетот на воздухот, управувањето со водите, заштита на природата од загадување. Воедно, Управата за животна средина се спроведуваат стручни и управни работи во заштита на природата, стручни работи во управување со отпадот, стручни работи во управување со водите, воздухот, хемикалиите, бучавата и другите области на животната средина, стручни работи во заштита на почвите од загадување, водење на Катастарот за животната средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики, мониторинг на животната средина и други работи согласно законот.

## 1.8. Приоритети и цели на Министерството за животна средина и просторно планирање

### *1.8.1 Заштита и унапредување на животната средина преку постигнување на цели утврдени со донесените стратегии, планови, програми и просторни планови:*

- Управување со отпад, води и природа на национално и локално ниво
- Управување со податоци во животната средина и следење, мониторинг и известување за состојбата, трендовите и перспективитена медиуми на животната средина
- Имплементација на Просторниот план на РМ преку изработка на просторни планови;
- Евидентитање и примена на активности за редукција на емисиите кои придонесуваат кон оштетување на озонската обвивка;
- Воспоставување на национална рамка за биосигурност;
- Безбедно управување со хемикалии
- Имплементација на Архуската Конвенција;
- Подигање на јавната свест за животната средина;
- Следење на препораките од меѓународните договори
- Зголемување на инвестиции во животната средина
- Примена на утврдените принципи на одржлив равој во сите аспекти на животната средина

***1.8.2 Интегрирање на политиката за животна средина и просторно планирање во останатите секторски политики:***

- Унапредување на постапката за стратешка оцена на влијанија на стратегии, планови и програми врз животната средина(СОВ), согласно Законот за животна средина;
- Унапредување на постапките за ОВЖС и ИСКЗ согласно Законот за животна средина;
- Усогласување на соодветните стратегии, развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво со Просторниот план на РМ
- Интегрирање на мерки и активности во плански документи на стопанските сектори како транспорт, земјоделие, енергетика и слично

***1.8.3 Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства:***

- Валоризација и ревалоризација на заштитените подрачја и постапки за преплрогласување на заштитените подрачја;
- Зголемен степен на заштита на национални паркови и зголемен процент на категоризација на природни реткости;

***1.8.4 Постигнување на стандардите на ЕУ за квалитет на животна средина, природата и одржлив развој преку спроведување на законодавството:***

- Изготвување на законски и подзаконски акти според НПАА;
- Надополнување и измена на законски и подзаконски акти во корелација со најдобрите практики и препораките на инволвираните страни
- Изработка на Програма за донесување национални критериуми за еко-етикетирање на производи и услуги;

***1.8.5 Обезбедување на информации за животната средина, природата и просторот и пристап на јавноста до нив, учество на јавноста во донесувањето на одлуки од областа на животната средина и активно учество во меѓународните системи за животна средина, природа, простор и ПИС:***

- Унапредување на систем на мониторинг и систем за валидација и верификација на податоците
- Воспставување национален информативен систем за животна средина
- Унапредување на просторен информативен систем
- Вклучување во европскиот заеднички информативен систем за животна средина
- Редовно изготвување на извештаи за состојбата на животната средина, индикатори за животна средина, статистики во животна средина, годишни извештаи и тематски извештаи

***1.8.6 Подигнување на јавната свест и едуцирање на јавноста за правата и обврските во насока на заштита на животната средина, природата, водите и просторот:***

- Зголемување на јавна свест и едукација на населението од областа на животната средина
- Реализација на кампањи од областа на животната средина

***1.8.7 Развивање на институционалните и административните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот***

- Зајакнување на капацитети за креирање и спроведување на политики за животната средина, особено во делот на управување со води, отпад и природа;
- Зајакнување на капацитети на министерството за подготовка и користење на предпристапни фондови на ЕУ и акредитација на МЖСПП како дел од Оперативната структура на системот за децентрализирано управување со средствата на ЕУ;

- Зајакнување на капацитети на Управата за животна средина за спроведување на процедури утврдени со законската регулатива;
- Зајакнување капацитети на МЖСПП за мониторинг и информативен систем;
- Зајакнување на капацитети за планирање на просторот;
- Зајакнување на капацитети на ЕЛС за управување со животната средина

***1.8.8 Унапредување на меѓународната соработка:***

- Спроведување на билатерални договори и потпишување на нови;
- Исполнување на обврски од мултилатерални договори;
- Исполнување на обврските кон ССА (дел за животна средина) и ЕУ и Комитетот за стабилизација и асоцијација и подкомитетот за животна средина помеѓу РМ и ЕУ;
- Имплементација на тековните донаторски проекти;
- Исполнување на обврските кои ги имаме како земја соработничка кон Европската агенција за животна средина и нејзините Тематски центри како и исполнување на мегународните обврски за известување на Република Македонија кон барањата од ROD (Reporting Obligations Database)
- Спроведување на меѓународните документи што се однесуваат на планирање, организација и користење на просторот

***1.8.9 Зголемување на нивото на инвестиции во животната средина:***

- Реализација на Програмата за инвестиции во животната средина, согласно Законот за животна средина;
- Реализација на Програма за води, согласно Закон за води
- Реализација на Програма за фосилни горива
- Имплементација на мерки и активности од Стратегија за инвестиции во животната средина;
- Спроведување на оперативна програма за предпристапна помош на ЕУ во рамките на одделните компоненти на ИПА ;
- Подготовка на планови и техничка документација за реализација на инфраструктурни проекти;
- Реализација на инфраструктирни проекти во соработка со ЕЛС (третман на отпадни води, управување со отпад и индустриски жаришта)
- Инвестиции во формирање на мониторинг мрежи за медиуми во кои не е воспоставен мониторинг (подземни води, бучава, почва, биодиверзитет...) и надградба на веќе постојните;
- Зголемување на донаторските финансирања на проекти од областа на животната средина и климатски промени

***1.8.10 Климатски промени***

- Континуирана работа врз усвојувањето на препораките на ниво на ЕУ во делот на климатските промени
- Градење на капацитетите за спроведување на климатското acquire
- Имплементација кон Рамковната Конвенција на Обединети нации за климатски промени и Протоколот од Кјото, преку реализирање на акцискиот план за климатски промени и механизмот за чист развој

## ***Осврт на постигнати резултати во 2013 година***

***1.9.1 Зајакнување на капацитетите***

- Студиска посета на Австрија за имплементација на NEC директивата во рамките на програмата TAEIX, 04-08 март 2013, Виена, Австрија
- Учество на трета годишна работилница “AirMon Tech”, 04-06 март 2013,Дуисбург, Германија,
- Работилница на AQUILA групата на акредитирани калибрациони лаборатотии за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух на Европската Унијаво организација на Здружениот истражувачки центар (JRC) и Европската агенција за животна средина (EEA), 22-23 Април 2013, Испра, Италија,
- Учествона 51ви Состанок на работна група за стратегии и ревизија кон CLRTAP, 30 Април – 03 Мај 2013, Женева, Швајцарија.
- Одржување на регионалната работилница за известување за квантитет на води во организација на европската агенција за животна средина (ЕЕА) /тематскиот центар за води, 10-11 Јануари 2013, во Скопје, Република Македонија.
- Одржување на регионалната работилница за статусот на имплеметација на Директивата за UWWTP и SoE емисии во води во организација на Европската агенција за животна средина (ЕЕА)/Тематскиот центар за води, 18-19, Јуни 2013 , во Скопје, Република Македонија.
- Во рамките на проектот „Градење на капацитети за спроведување на Архуската Конвенција во практика и подршка за развој на Протоколот за Регистар на загадувачи и пренос на загадувачки материи системи во земјите од Југоисточна Европа„ беше одржана тродневна работилница за обука на претставниците на МЖСПП, индустријата и НВО за користење на БУБЕ –онлине за известување по ПРТР Протоколот.
- Во мај 2013 година се одржа работилница за проектот “Прекугранично управување со Басенот на реката Дрим“ со помош на ГЕФ, СБ, УНДП, ЕУ. Проектот е дизајниран да ги има за цели институционалното поврзување во басенот и тоа 4 држави (Р.Македонија,Албанија, Црна Гора и Косово).
- Студиска посета во Лондон во рамките на TAIEX програмата. Целата на посетата беше да се види начинот на третирање на отпадните води во ЕУ.
- Во период од од 22-24 мај 2013, во Виена се одржа работен состанок за начинот на управување со водите во Дунавскиот слив,.
- На 13 мај беше одржан меѓудржавен состанок во Солун. На состанокотземаа учество преставници од МЖСПП и МНР кои заедно со колегите од Грчкото надлежно министертсво за водите и Грчкиот Конзулат за надворешни работи говореа за соработката во управувањето со водите ва сливот на река Вардар и сливот на Преспанкото езеро.
- Од 25-27 јуни, прествници од МЖСПП учествуваа на редовниот состанок на РГ за Адаптација и климатски промени од Конвенцијата за заштита и користење на прекуграничните води и меѓународните езера во рамките на UN/ECE (Конвенцијата за води).

### *1.10.2 Усвојување на правото на ЕУ*

- Измени и дополнувања на постоечките закони од областа на животната средина со цел усогласување со ЕУ, како и со промените на општественото живот и нормите кои се наметнуваат во рамките на национално и регионално ниво.
- Донесување на подзаконски акти согласно НПАА кои произлегуваат од Законот за животна средина; Законот за заштита на природата; Законот за квалитет на амбиентниот воздух; Закон за води,Закон за управување со отпад, Закон за бучава во животната средина, Закон за генетски модифицирани организми,Законот за управување со отпадни батерии и акумулатори и Закон за пакување и отпад од пакување.

### *1.10.3 Унапредување на животната средина*

- Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животната средина на национално и локално ниво 2009-2014 се обезбедува интегрирање на сите работни програми на МЖСПП и дава насоки за за развој на капацитетите на министерството и на единиците на локалната самоуправа за управување со животната средина и спроведување на законодавството.
- Национална Стратегија за одржлив развој, формирано советодавно тело при Владата за креирање на политика на одржлив развој, воспоставена техничка мултидисциплинарна работна група за согледување и предложување на мерки и насокии за воспоставување на процес на одржливо управување во сите сектори
- Со Националната стратегија за води, донесена од страна на Собранието на РМ, се определува долгорочната политика на водите преку задоволување на потребите на сите корисници со квалитетна вода во доволни количества; рационално и економично користење на водите; заштита на водите од загадување и контрола на загадувањето; заштита и подобрување на крајбрежното земјиште и водните живеалишта; и заштита и ублажување на последиците од штетното дејство на водите и недостигот од вода.
- Изготвен национален стратешки документ во дел животна рседина кој ќе претставува патоказ за работење на ИПА 2.

### *1.10.5 Просторно планирање и ПИС*

Активностите од областа на просторното планирање се насочени кон изработка на просторни планови на :

- Во усвојувањето на методологијата на ЕУ и Европската Агенција за животна средина (ЕЕА) во фотоинтерпретацијата на сателитските снимки и утврдување на земјината покривка во Р. Македонија , ке биде реализиран проектот на ЕЕА-CLC2006 преку обезбедување на просторни податоци од Државниот завод за геодетски работи и други релевантни институции во државата;
- Изготвување на Годишни извештаи за спроведување на Просторен план на Република Македонија (за секоја година посебен Годишен извештај)
- Измени и дополнувања на просторниот план на РМ
- Активно учество на мегународни средби во врска со просторно планирање (ЦЕМАТ)
- Подготовка на Програма за спроведување на Просторниот План на РМ 20011-2014 год
- Изработени тематски мапи (ГИС)
- Изработка и донесување на Предлог Просторен План за Скопски Регион
- Издавање на мислења и согласности по однос на стратешка оцена на влијание

### *1.10.6 Мониторинг*

- Континуирано работење на пречистителната станица во Јегуновце за намалување на загадената почва, подземни и површински води со шестовалентен хром.
- Редовни активности кои се спроведуваат со цел собирање, обработување, форматирање и соодветно чување на податоци и информации добиени преку мониторинг мрежата за сите медиуми во животната средина и областите- воздух, води, бучава, почва и отпад.
- Министерството доставува 79% информации од вкупно бараните податоци до Европската Агенцијата за животна средина каде фигурира со статус на набљудувач и е дел од работните групи во рамки на агенцијата
- Прибирање и обработка, верификација и валидација на податоците добиени од автоматскоит мониторинг систем за воздух
- Собирање, систематизирање, анализа, обработка и презентирање на податоци за состојбите, квалитетот и трендовите во сите сегменти на животната средина (вода, воздух, почва, бучава, отпад, биодиверзитет)
- Дополна и ревизија на Индикатори за животна средина на Република Македонија

*1.10.7 Климатски промени*

- Интегрирање на политиката за намалување и ублажување на климатските промени во останатите секторски политики, со цел придонес кон одржливиот развој на државата (вградување на барањата од climate aquis во останатите секторски политики)

- Изработен е и презентиран "Патоказ за воведување системи за следење, известување и верификација на стакленичките гасови согласно системот на ЕУ за трговија со емисии",.
- Изработен е предлог за изработка на двегодишен извештај за ажурирање – кој ќе има за цел ревизија на инвентарите кои се подготвени и доставени во рамките на претходните национални извештаи, подготовка на инвентари на GHG до 2012 година, развивање на механизми за мерење, известување и верификација (MRV) и зајакнување на националните капацитети за анализи на потенцијалот на ублажување на GHG, имајќи ги предвид потенцијалните цели за ограничување на емисиите.

- Во делот на адаптација кон климатските промени, изработена е анализа на ранливоста во шест сектори (вода, земјоделството, здравството, намалување на ризикот од катастрофи, шумарство и биодиверзитет) беше оценета на национално и регионално ниво.

- Финализиран е извештајот за Процена на капацитетите за управување со климатските промени на локално ниво, со поддршка на УНДП.

- Изработена е Стратегијата за комуникација во делот на климатските промени. Во делот на соработката со НВО, учествувано е во работата на насочувачкиот комитет на проектот за Локални акции во областа климатски промени, кој се рализира од НВО Милеуконтакт со поддршка на УСАИД.

- За прв пат се пресметаа емисиите од авијација и се потпиша меморандум за соработка и размена на податоци со провајдерот на авијациски услуги на РМ. Се изработи софтвер за прибирање на податоци од индустриите за известување по три директиви (ЕМЕП, ПР/ТР и ИПЦЦ).

- Потенцијалот за ублажување на климатските промени во секторот транспорт беше проценет применувајќи го top-down пристапот. Проценката на резултатите и мерките за ублажување беше направена во однос на нивната еколошка и економска ефективност, и истите беа рангирани и приоритизирани.
- Изработка на законска рамка за инвентарите на стакленички гасови - Извештај за проценка на законодавството во однос на податоците потребни за Инвентарот на стакленички гасови;
- Патоказ за изготувување и усвојување на Национални емисиони фактори и препораки за усогласување на факторите помеѓу UNFCCC и CORINAIR методологиите за известување;
- Изработка на Национални емисиони фактори за стакленички гасови и CORINAIR. Се воведе и нова поточна методологија (ФОД) за пресметување на емисиите од отпад.

- Се дефинираше и потребата од изработка на анализи и сценарија за неколку клучни сектори; енергетика, енергетска ефикасност во градежниот сектор и отпад, и истите ке бидат реализирани во следниот период.

- Во делот на меѓународната промоција на националните активности во делот на климатските промени, презентиран е стручен напис за најдобрите практики и научени лекции од изработката на инвентарите на стакленички гасови во Македонија досега, на

интернационална работилница на Програмата за поддршка на националните комуникации.

- И во овој извештаен период, продолжува активното учество во РЕНА, работна група за клима. И се зема учество во дефинирање на приоритетите на државите како насока за долгорочните цели на ЕКРАН.

| | |
|---|---|
| **1.11 Програми** | **2. Програма Заштита на животната средина**<br><br>**Подпрограма Унапредување на животната средина**<br><br>**Подпрограма Учество во работата на меѓународни организации и тела за заштита на животната средина, конференции, билатерална и прекугранична соработка во рамките на предпристапна помош**<br><br>**Подпрограма Инвестиции во животна средина**<br><br>**Подпрограма Дојранско Езеро**<br><br>**Подпрограма Изградба на каскадни прегради на реката Вардар**<br><br>**Подпрограма Изградба на приклучок од бунарите до филтер станица за вода за град Гостивар**<br><br>**Подпрограма Усвојување на правото на ЕУ и Изградба на национален систем за еко-етикетирање на производи и услуги**<br><br>**Подпрограма Реализација на законските обврски во однос на издавање на дозволи, согласности и мислења**<br><br>**Подпрограма Спроведување на законодавството преку спроведување на прекршочни постапки**<br><br>**2.1 Програма Просторни планови и ПИС**<br><br>**2. 2 Програма Мониторинг**<br><br>**3. Програма за инвестирање во животната средина (обврска од Законот за животна средина)**<br><br>**4. Програма за Управување со отпад (обврска од Закон за отпад)**<br><br>**5.Програма за води (обврска од Закон за води)**<br><br>**6. Програма за фосилни горива (одлука на Влада на РМ)** |

## 2. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

### 2.1 План за спроведување на Програмата ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

#### 2.1.А: Оправданост и дизајн на Програмата за Животна средина

**Образложение: Програмата заштита на животната средина** произлегува од:

**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ одржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2015 година**

*Интеграција во Европска унија и НАТО, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет преку реализирање на следните приоритетни цели :одржливо управување со природните ресурси, заштита на природата и планирање на просторот, зголемување на контролата на индустриското загадување и зголемување на инвестициите во животната средина.*

**2. НПАА**

*Сектор животна средина:*

*-унапредување на заштитата на животната средина, (се однесува на сите подпоглавија во рамките на секторот животна средина: хоризонтално законодавство, воздух, вода, природа, бучава и др.)*

**3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

*-Прогласување на одредени подрачја за заштитени поради уникатноста во тоа што го поседуваат како и нивно уредување и соодветни планови за тоа како да се управуваат,*

*-Чистење на дивите депонии со модерни системи кои ќе придонесат за поздрава и почиста средина а исто така ќе се одрази и врз здравјето на граѓаните,*

*- Постигнување на стандардите на ЕУ за квалитет на животна средина, природата и одржлив развој преку спроведување на регулативите*

*- Интегрирање на политиката за животна средина во останатите секторски политики преку обука на вработените во секој сектор*

*- Подигнување на јавната свест и едуцирање на јавноста за правата и обврските во насока на заштита на животната средина, природата и просторот*

*- Развивање на институционалните и административните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот преку нивно испраќање на разни обуки во странство со цел да се придобијат со соодветни знаење и вештини во примената на ЕУ регулативите*

| | |
|---|---|
| Програмата е | Хоризонтална |

## 2.1 Б План за спроведување на програмата за заштита на животната средина

**Резултат 1: Спроведување на Потпрограмата за унапредување на животната средина**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски [MKD] | | |
| | | | | | I година | II година | III година | I година | II година | III година |
| **Изработка на Национална стратегија за заштита на природата** | **УЖС МЕИЦ** | **Министерства ЕЛС НВО** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **1.600.000** | | |
| **Изготвување на студија за репрогласување на Охридско езеро** | **УЖС МЕИЦ** | **Министерства ЕЛС НВО** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **1.100.000** | | |
| **Конзервација и реставрација на стари стебла на дрва** | **УЖС МЕИЦ** | **Министерства ЕЛС НВО** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **300.000** | | |
| Изготвување на инвентар за подготовка на идната НАТУРА 2000 мрежа во РМ | УЖС МЕИЦ | Министерства ЕЛС НВО | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реализација на Акционен план за чистење на речните корита** | **УЖС** | **Министерства<br>ЕЛС<br>НВО** | **2015** | **2015** | **6 редовно вработени** | | | **8.500.000** | | |
| **Изработка на студија и научно истражувачки работи во областа на водите** | **УЖС<br>МЕИЦ** | **Министерства<br>ЕЛС<br>НВО** | **2015** | **2015** | **6 редовно вработени** | | | **3.000.000** | | |
| **Изработка на водостопански основи** | **УЖС<br>МЕИЦ** | **Министерства<br>ЕЛС<br>НВО** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **1.500.000** | | |
| **Учество на државни службеници во разни комисии и ангажирање на стручни лица од област на животна средина** | **Сите сектори и органи на состав** | **Министерства<br>ЕЛС<br>НВО<br>Експерти** | **2015** | **2017** | **20 редовно вработени<br>10 надворешни лица** | **20 редовно вработени<br>10 надворешни лица** | **20 редовно вработени<br>10 надворешни лица** | **2.000.000** | | |
| **Реализирање на континуирана годишна рехабилитација на деца од општина Велес** | **СКЈ** | **Општина** | **2015** | **2017** | **3 редовно вработени** | **3 редовно вработени** | **3 редовно вработени** | **1.800.000** | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Спроведување на проекти:**<br>- **Заштита на Охридско Езеро;**<br>- **Заштита на озонската обвивка**<br>- **Зелен пакет-Junior** | **УЖС**<br>**СКЈ** | **Министерства**<br>**Меѓународни институции присутни во РМ**<br>**ЕЛС** | **2015** | **2017** | **20 редовно вработени**<br>**10 надворешни лица** | **20 редовно вработени**<br>**10 надворешни лица** | **20 редовно вработени**<br>**10 надворешни лица** | **200.000** | | |
| **Кампањи за подигање на јавната свест и одбележување на значајни датуми и настани за заштитата на животната средина и изработка и печатење на брошури, прирачници и други помошни материјали;** | **Канцеларија за комуникации со јавноста (ККЈ)** | **Министерства**<br>**НВО**<br>**ЕЛС** | **2015** | **2017** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **500.000** | | |
| Воспоставување и одржување на база на податоци за медиуми на животна средина | УЖС лабараторија | Министерства<br>Меѓународни институции | | | | | | | | |
| Одржување на обуки и семинари од обласа на животната средина | МЖСПП | ЗЕЛС<br>ЕЛС | | | | | | | | |
| **Одржување на пречистителната станица во Јегуновце - Пречистување на отпадни води загадени со Cr6+** | **УЖС** | **/** | **2015** | **2017** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **8.000.000** | | |
| **Софтвер за управување со библиотечен фонд, стручни списанија и опрема за вработени** | **Сите сектори и орагани во состав** | **ЕЛС**<br>**ЈКП**<br>**Министерства** | **2015** | **2017** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **1.000.000** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно активности година I** | | **29.400.000,00** |
| **Вкупно активности година II** | | |
| **Вкупно активности година III** | | |
| **Вкупно за резултат 1** | | **29.400.000,00** |

| **Резултат 1:** | **Показател за успешност:** |
|---|---|
| Спроведување на Потпограма за унапредување на животната средина | Број на донесени стратегии, планови и посебни програми од областа на животната средина и реализирани проекти<br><br>Број на спроведени кампањи и обуки за зголемување на јавната свест од областа на животна средина<br><br>Број на реализирани проекти и активности кои придонесуваат кон заштита и унапредување на животната средина<br><br>Спроведени проекти за заштита на населението<br><br>Спроведени проекти за ќистење на речните корита |

**Резултат 2: Спроведување на подпрограмата Учество во работата на меѓународни организации и тела за заштита на животната средина, конференции, билатерална и прекугранична соработка во рамките на предпристапна помош.**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** | **Крај** | **Човечки** | | | **Финансиски [MKD]** | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | **I година** | **II година** | **III година** | **I година** | **II година** | **III година** |
| Соработка со Европската агенција за животна средина и европските тематски центри,, учество на состаноци и известување во доменот на | МИЦЖС<br><br>СОРИ | Стручни институции | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| протекот на приоритетни податоци и информации, во рамките на EIONET мрежата | | | | | | | | | | |
| Учество во работата на телата на UN (UNEP, UNIDO, UNDP,UNESKO), GEF во работата на Секретаријатите на потпишаните меѓународни договори, Комисија за одржлив развој при УН | **Сите сектори и органи во состав** | **Министерс тва** | **2015** | **2017** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **1.500.000** | | |
| Потпишување на протоколи и меморандуми за соработка на билатерално ниво | ССПК | Министерст ва (МНР)<br>СЕП | | | | | | | | |
| **Членарини и учество во организации на билатерално и мултилатерално ниво од областа на животната средина** | **Сите сектори и органи во состав** | **Министерс тва** | **2015** | **2017** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **1.500.000** | | |
| **Вкупно активности година I** | | | | | | | | **3.000.000,00** | | |
| **Вкупно активности година II** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности година III** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2** | | | | | | | | **3.000.000,00** | | |

| | |
|---|---|
| **Резултат 2:** | **Показател за успешност:** |

| | |
|---|---|
| Учество во работата на меѓународни организации и тела за заштита на животната средина, конференции и др. | Реализирани активности за спроведување на обврските од потпишаните меѓународни договори<br><br>Реализирани проекти/степен на реализација на проекти кои се на основа на донаторски средства<br><br>Број на одржани состаноци, средби и размена на искуства помеѓу земјите од потписнички на меѓународните протоколи и договори и меморандуми |

**Резултат 3: Спроведување на Потпрограма за инвестиции во животна средуина**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | | | Финансиски [MKD] | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | I година | II година | III година | I година | II година | III година |
| **Проект Управување со речен слив на реката Брегалница (привремени вработувања)** | **УЖС**<br>**Сектори** | **ЕЛС**<br>**Донатор** | **2015** | **2015** | **3 привремено вработени** | | | **3.000.000** | | |
| **Реведијација на ХЦХ отпад во Охис** | **озон** | **ЕЛС**<br>**Донатор** | **2015** | **2015** | | | | **10.000.000** | | |
| **Изградба на пречистителна станица во н.м. Волково-Ѓорче Петров** | **ССПК**<br>**СОРИ** | **Министерства** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **45.000.000** | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изградба на пречистителна станица во Сарај** | **ССПК**<br><br>**СОРИ** | **Министерства**<br><br>**ЕЛС** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **40.000.000** | | |
| **Изградба на пречистителна станица во град Гевгелија** | **СОРИ** | **Министерства** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **5 редовно вработени** | **22.000.000** | | |
| Изградба на каскадни прегради на реката Вардар (подготовка на проектна документација и изградба) | СОРИ | Министерства | 2015 | 2015 | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | | | |
| Проектирање и изградба на Пречистителна станица во општина Јегуновце | СОРИ | Министерства | 2015 | 2017 | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 4.920.000 | 22.140.000 | 22.140.000 |
| Проектирање и изградба на Пречистителна станица во општина Боговиње | СОРИ | Министерства | 2015 | 2017 | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 9.840.000 | 44.280.000 | 44.280.000 |
| Проектирање и изградба на Пречистителна станица во општина Теарце | СОРИ | Министерства | 2015 | 2017 | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 9.840.000 | 44.280.000 | 44.280.000 |
| Проектирање и изградба на Пречистителна станица во општина Врапчиште | СОРИ | Министерства | 2015 | 2017 | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 9.840.000 | 44.280.000 | 44.280.000 |
| Изградба на регионален водоснабдителен систем во општините Врапчиште, Желино, Брвеница и Боговиње | СОРИ | Министерства | 2015 | 2017 | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 5 редовно вработени | 55.350.000 | 55.350.000 | 73.800.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Картографирање на дел од дното на Преспанско езеро | СОРИ<br>УЖС<br>ССПК | Министертва | | | | | | | | |
| **Изградба на ободен канал во општина Арачиново** | **СОРИ** | **Министерства** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **70.000.000** | | |
| **Проектирање и изведба на водоводен систем во Тетово, Зајас и Липково** | **СОРИ** | **Министерства** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **163.000.000** | | |
| **Изградба на канализациона мрежа во општина Кочани** | **СОРИ** | **Министерства** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **8.585.000** | | |
| **Уредување на Катлановски род во Памук кале** | **СОРИ** | **Министерства** | **2015** | **2015** | **5 редовно вработени** | | | **6.000.000** | | |
| Реконструкција и проширување на канализациона мрежа во Прилеп-ЕУ ИПА **(Прва фаза)** | **СЕУ** | **Министерства**<br>**Опшина**<br>**ЈКП** | **2013** | **2016** | **5 редовно вработени** | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изградба на станица за пречистување на отпадни води во Прилеп -ЕУ ИПА | **СЕУ** | **Министерства**<br>**Опшрина**<br>**ЈКП** | **2013** | **2016** | **5 редовно вработени** | | | | | |
| Изработка на проектна документација за подобрување на инфраструктурата во собирањето и третманот на отпадните води во Струмица, Тетово, Гостивар, Битола, Кавадарци и Дебар - ЕУ ИПА | **СЕУ** | **Министерства**<br>**Општина**<br>**ЈКП** | **2013** | **2016** | **5 редовно вработени** | | | | | |
| Донесување на планови за управување со речните сливови на реката Брегалница | **Сектор Води,** | **Министерства**<br>**Општина**<br>**ЈКП** | **2013** | **2016** | **5 редовно вработени, 3 привремено вработени** | **5 редовно вработени 3 привремено вработени** | **5 редовно вработени 3 привремено вработени** | | | |
| **Вкупно активности година I** | | | | | | | | **467.375.000.00** | | |
| **Вкупно активности година II** | | | | | | | | **210.330.000** | | |
| **Вкупно активности година III** | | | | | | | | **228.780.000** | | |
| **Вкупно за резултат 3** | | | | | | | | **966.485.000.00** | | |

| **Резултат 3:**<br>Спроведување на Потпорограма инвестиции во животната средина | **Показател за успешност:**<br>Број на реализирани проекти за инвестиции во животната средина и воспоставени системи за управување со квалитетот на водите, воздухот и почвата |
|---|---|

**Резултат 4: Спроведување на Потпрограма Дојранско Езеро**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | | | Финансиски [MKD] | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | I година | II година | III година | I година | II година | III година |
| Набавка и монтажа на пумпи во хидросистемот Дојранско Езеро како и времена и финансирање на тековни комунални услуги | УЖС<br>СОРИ | ЕЛС | 2015 | 2017 | 5 редовно вработени | | | 124.500.000 | | |
| Вкупно активности година I | | | | | | | | 124.500.000 | | |
| Вкупно активности година II | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности година III | | | | | | | | | | |
| Вкупно за резултат 4 | | | | | | | | 124.500.000 | | |

| **Резултат 3:** Спроведување на Потпрограма Дојранско Езеро | **Показател за успешност:**<br><br>Степен на реализација на активностите предвидени со подпрограмата за тековната година |
|---|---|

**Резултат 5: Спроведување на Подпрограма Изградба на приклучок од бунарите до филтер станица за вода за град Гостивар**

| Активност | Одговорни | Консултира ни | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски [MKD] | | |
| | | | | | I година | II година | III година | I година | II година | III година |
| **Изградба на приклучок од бунарите до филтер станица за вода за град Гостивар** | **СОР**<br>**СОРИ** | **Министерст ва** | **2015** | **2017** | | | **2 редовно вработени** | **48.000.000** | | |
| **Вкупно активности година I** | | | | | | | | **48.000.000** | | |
| **Вкупно активности година II** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности година III** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 5** | | | | | | | | **48.000.000** | | |

| **Резултат 5:**<br>Изградба на приклучок од бунарите до филтер станица за вода за град Гостивар | **Показател за успешност:**<br>Степен на реализација на проектот |
|---|---|

**Резултат 6: Спроведување на потпрограмата Усвојување на правото на ЕУ и Изградба на национален систем за еко-етикетирање на производи и услуги**

| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски [MKD] | | |
| | | | | | I година | II година | III година | I година | II година | III година |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Транспозиција на правото на Европска Унија од областа на животната средина во националното законодавство | Сектор за ЕУ (СЕУ)<br><br>Управа за животна средина | Министерства;<br>СЕП<br>СЗ<br>Стопанските комори во РМ | | | 2 редовно вработени | | | 300.000 | | | |
| Измена и дополна на постојни закони | СЕУ | Министерства<br>СЕП<br>СЗ<br>Стопанските комори во РМ | | | 2 редовно вработени (Работна група животна средина, НПАА) | | | | | | |
| Донесување на подзаконски акти согласно НПАА кои произлегуваат од Законот за животна средина, за природата; Законот за квалитет на амбиентниот воздух; Закон за води, Закон за управување со отпад, Закон за бучава во животната средина, Закон за ГМО | СЕУ и одговорните сектори во МЖСПП и Управата за животна средина | Министерства<br>СЕП | | | 2 редовно вработени (Работна група животна средина, НПАА) | | | | | | |
| Изработка и усвојување на стандарди од областа на животната средина и соработка со ИСРМ, ИАРМ и БМРМ | СЕУ | ИСРМ,<br>ИАРМ и БМРМ | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Превод на правото на ЕУ од англиски на македонски јазик и превод на прописите од областа на животна средина од македонски на англиски јазик.** | **СЕУ** | **СЕП** | **2015** | **2017** | **2 редовно вработени (Работна група животна средина, НПАА)** | | | **500.000** | **500.000** | **5.00.000** |
| **Вкупно активности година I** | | | | | | | | **800.000** | | |
| **Вкупно активности година II** | | | | | | | | **500.000** | | |
| **Вкупно активности година III** | | | | | | | | **500.000** | | |
| **Вкупно за резултат 6** | | | | | | | | **1.800.000** | | |

| **Резултат 6 :** | **Показател за успешност:** |
|---|---|
| Усвојување на правото на ЕУ | Број на донесени закони и подзаконски акти усогласени со законодавството на ЕУ |
| Изградба на национален систем за еко-етикетирање на производи и услуги | Број на донесени национални критериуми за доделување на еколошка ознака на производи и услуги  и број на доделени национални еколошки ознаки. |

## 2.2План за спроведување на  програма  ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ и ПИС

**2.3 А: Оправданост и дизајн на Програмата за Просторно планирање**

| |
|---|
